# МЕТОДСКА ЕДИНИЦА ПО СОЦИОЛОГИЈА
# ЗА II-ра год. а,б,в,г

## ПРИРОДАТА НА КОЛЕКТИВНОТО ОДНЕСУВАЊЕ

- Колективното или групното однесување на човекот екомплексен збир на индивидуални предуслови, како што се свест, психа и дејствување на поединците. Отаму доаѓа и колективната свест која не идентична со индивидуалната. Социологот Емил Диркем се занимавал со колективното однесување и утврдил дека општеството претставува склоп од чинители во кој колективитетот се разликува од поединечните (индивидуални) положби, улоги и однесувања на луѓето.Спецификите на колективното однесување зависат од времето, периодот, културните и економските белези на заедницата, нејзините национални, религиски и политички обележја, институциите и друго.
- **Пример :** Во еден град домашниот фудбалски тим го губи натпреварот и навивачите започнуваат насилство кон противничките играчи, судиите, демолираат и сл.
  Во друг град домашните фудбалери се истотака поразени но нивните навивачи мирно се разидуваат по натпреварот.
  Прашања за анализа :
  Дали на овие два примери на различно колективно однесување влијаеле пред се групните разлики во образованието и културата или пак психата и менталитетот на навивачите, или пак влијание имаат богатството, сиромаштијата, нивото на меѓучовечка солидарност ?

## ТОЛПА, ОРГАНИЗИРАНА ГРУПА, ЈАВНОСТ

- Толпата петставува неорганизирана група луѓе кој немаат некои посебни социјални белези, а се наоѓаат во некоја специфична положба. Тоа е обично голема група луѓе, настанува спонтано,изразува незадоволство, револт, бес или пак обратно задоволство, одобрување, прославување на некој настан.
- Организирани носители на колективното однесување се:

  Во економскиот живот: синдикати или работнички здруженија, различни комори, работодавци, трговски асоцијации и др.

  Во политичката сфера носители на организирано колективно однесување се: политички партии, здруженија на граѓани, различни лоби групи, граѓански движења и др.

- Јавноста ја чини најширокото граѓанство кое е свесно за актуелните општествени прашања и политички настани во една држава ( кои следат дневни весници, ТВ, интернет, радио односно севкупното јавно комуницирање). Јавноста ги изразува ставовите на населението за актуелните прашања најчесто преку медиумите, социјалните мрежи и претставува коректор на власта. Јавноста е дел од секое развиено граѓанско општество и демократски политички поредок.

## СОЦИЈАЛНИ ДВИЖЕЊА

- Социјалните движења претставуваат облик на колективно движење усмерен кон некаква општествена промена.
  Карактеристики : неформалност на членовите, јавно дејствување. Овозможуваат подобра иднина, немаат цврста организација, нивните одлуки доаѓаат од ставовите на членовите кои обично дејствуваат внатре во организацискиот оквир.Тенденцијата кон промени е главниот критериум кои ги разликува од интересните групи. Новите движења се јавуваат како последица на динамиката на животот. Можат да бидат : мировни движења, студентски движења, антинуклеарни, еколошки, феминистички и др. Може да бидат различни по содржина и ниво на проблематизирање на постојните општествени односи.
    - -глобални социјални движења: бараат промени на вкупните општествени односи (национални, класни)
    - -парцијални социјални движења: усмерени на некои специфични делови од општеството или актуелни проблеми.

**Прашање за размислување** : Зошто социјалните движења имаат масовна поддршка меѓу населението.